**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 950/2023**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител ПроКредит банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003482066, ЕМБС 5774136 и седиште на ул.Манапо бр. 7, засновано на извршната исправа Нотарска исправа - Потврдување на приватна исправа Договор за хипотека со својство на извршна исправа ОДУ бр.497/10 од 09.12.2010 година на Нотар Ристо Папазов од Скопје, против должникот/заложен должник Џелал Ќаили од Скопје со живеалиште на ул. Менделеева бр. 27 А и заложниот должник Адем Адеми од Скопје со живеалиште на ул. Јајце бр.63, за спроведување на извршување во вредност 6.922,63 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата, на ден 09.08.2023 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста - деловен простор означена како:

- КП.бр.8891, дел 2, Адреса ул.Гоце Делчев бр.11 ТЦ Мавровка, број на зграда 1, намена Згради во останато стопанство, влез 001, кат СУ, број 063, површина 27 м2, запишана со право на сосопственост на по ½ идеален дел од недвижноста на должникот/заложен должник Џелал Ќаили и заложниот должник Адем Адеми, запишана во Имотен лист бр.25896 за КО Центар 1 при АКН – ЦКН Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден 04.09.2023 година во 11:00 часот во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.950/2023 од 21.07.2023 година, изнесува **1.256.726,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: заложно право – хипотека во корист на заложен доверител ПроКредит банка АД Скопје и Налог за извршување врз недвижност И.бр.950/2023 на Извршител Игор Антевски. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.250-010402320-172 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број 5080021510736.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, најдоцна во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: Заложен доверител ПроКредит банка АД Скопје
Должник/заложен должник Џелал Ќаили
Заложен должник Адем Адеми
Град Скопје - Сектор за финансии
УЈП – регионална дирекција Скопје

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој Заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.